50-1003/8
18 12 2020

Врз основа на член 70-в став 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), Министерот за култура донесе:

# ПРОГРАМА
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА НОВИ ОБЈЕКТИ И ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА, САНАЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА ПОСТОЈНИТЕ ОБЈЕКТИ ШТО ГИ КОРИСТАТ НАЦИОНАЛНИТЕ УСТАНОВИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2020 ГОДИНА

1. Во Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2020 година бр. 50-1003/4 од 27.01.2020 година, табелата во точка 2 се менува и гласи:„

| Ред. бр. | **Опис на активноста** | **Носител на активноста** | **Износ на финансиски средства** |
|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на нов објект наменет за театар и библиотека во Тетово | НУ ЦК „Иљо Антески – Смок“ Тетово | 82 279 708,00 денари |
| 2. | Изградба на театар во Струмица | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Струмица | 10 000 000,00 денари |
| 3. | Изведување на завршни работи за објект Театар во Велес | Министерство за култура | 3 000 000,00 денари |
| 4. | Реконструкција на објект на НУ ЦК „Трајко Прокопиев“ – Куманово - зграда на театар, обезбедување на проектна документација | Министерство за култура | 1 200 000,00 денари |
| 5. | Реконструкција на НУ Албански Театар Скопје – документација за технички преглед | НУ Албански Театар | 71.000,00 денари |

2. Точка 3 се менува и гласи: „Финансиските средства за реализација на активностите од точка 2 на оваа програма во износ од 96 550 708,00 денари се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2020 година, Раздел 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата, потпрограма – 48 ставка 482, потпрограма 49 ставка 482, потпрограма 50 ставка 482 и попрограма 84 ставка 482.".

3. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на веб страницата на Министерството за култура, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

Министерство за култура
Министер
Ирена Стефоска

Образложение

Министерството за култура со оваа Програма за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2020 година бр. 50-1003/4 од 27.01.2020 година, го намалува бројот на проектните активности кои би се реализирале во 2020 година. Со оваа Програма се предвидува да се намали бројот на проектните активности како и намалување на предвидениот износ за реализација, како резултат на Одлуката за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите бр. 44-2866/1 од 9.4.2020 година, објавена во („Службен весник на РСМ" бр. 97 од 9.4.2020 година) и ребалансот односно измената и доплната на буџетот на РС Македонија за 2020 година („Службен весник на РСМ" бр. 126 од 15.5.2020 година и бр.262 од 4.11.2020 година). Со овие акти извршено е намалување на буџетот на Министерството за култура за капитални инвестиции во предвидените буџетски програми и ставки, па соодветно на тоа Министерството за култура со Програма за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2020 година бр. 50-1003/4 од 27.01.2020 година, ги намалува предвидените проектни активности и ги намалува предвидените износи за нивна реализација. Со оваа Програмата се предвидува продолжување на реализацијата за изградба на новите објекти, театри, во Тетово, Струмица и Велес, се планира почеток со обезбедување на проектна документација за реконструкција на објектите на театарот во Куманово и за исплата на проектно техничка документација за технички преглед за реконструкцијата на НТ Албански Театар.

Финансиските средства потребни за реализација на активностите на Програмата, согласно измените во буџетот на Министерството за култура за 2020 година, намалени на износ од 96 550 708,00 денари, се предвидени во разделот на Министерството за култура 18010-Финансирање на дејности од областа на културата, потпрограма – 48 ставка 482, потпрограма 49 ставка 482, потпрограма 50 ставка 482 и попрограма 84 ставка 482.